Бр.-Nr. 08 - 302/7

15. 07. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 65 седница одржана на 19.06.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за акредитација на студиската програма „Прехрамбена технологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технолошки науки - Скопје при Универзитет Мајка Тереза - Скопје

1. Се акредитира студиската програма „Прехрамбена технологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Факултет за технолошки науки - Скопје при Универзитет Мајка Тереза - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран инженер по прехрамбена технологија/ во меѓународен промет, академски, назив: Bachelor of Graduated Engineer in Food Technology.

Научно-истражувачко подрачје: Инженерство и технологии; Научно-истражувачко поле: 2.11. Друго инженерство и технологии 2.11.05 Прехранбено инженерство и технологии; Научна, стручна или уметничка област: 2.11.05.01. Наука на храна и технологии на прехранбени производи 2.11.05.02. Прехранбено процесно и биотехнолошко инженрство 2.11.05.03. Нутриционизам 2.11.05.04. Технолошка микробиологија и санитација 2.11.05.05. Технологија и техника на пакување 2.11.05.06 Управување со квалитет и безбедност на прехранбени и биотехнолошки производи 2.11.05.07. Друго

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02 – 72/3 од 29.01.2026 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Прехрамбена технологија", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за технолошки науки при Универзитет Мајка Тереза - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08 – 124/1 од 29.01.2026 година (наш бр. 08 – 302/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 49-та седницата одржана на 13.02.2026 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр. 08 – 302/6 од 03.07.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 65-та седница одржана на 19.06.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
проф. д-р Зоран Марков